( Образец ПП……)

**До: Општина Демир Хисар**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: ЗГ „[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни информација за просечна надморска висина на општина.
2. Доставете ни информација за број на утврдени природни непогоди (земјотрес, поплава,град, лизгање на земјиште, снежни наноси, лавина, голомразица, град, суша) во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме информацијата доставете ни ја одделно по тип на утврдена природна непогода, одделно по населени места во кои се случила и одделно по месец и години.
3. Доставете ни информација дали општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година има формирано комисија за проценета и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи согласно членот 143 од Законот за заштита и спасување? Доставете ни информација датум кога била формирана секоја од комисиите и времетраењето на мандатот, одделно за скекоја ваква комисија која ја формирала општината.
   Доставете ни информација за предизвикана материјална штета од природни непогоди во вашата општина во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
4. Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои оштината ги добила во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
   Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои оштината ги отфрлила во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
5. Доставете ни информација за број на човечки жртви како резултат од случени природни непогоди во општината во периодот од 2003 година

заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години

6. Доставете ни ги збирните извештаи за проценети штети од природните непогоди кои Комисиите за проценка на штети при елементарни непогоди ги изготвиле во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.
7. Доставете ни информација за должина на водоводна и канализациона инфраструктура која е оштетена или уништена како резултат на случена природна непогода во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по тип на природна непогода.

8. Доставете ни информација за утврдени проблеми со локалните патишта предизвикани од поплави и поројни дождови во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по години и одделно по патен правец на кој е утврден проблемот.

9. Доставете ни мерки за спречување на природни непогоди кои општината ги презела во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

10. Доставете ни информација дали на територијата на општината има тим/единица за справување со природни непогоди во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Доколку тимот/единицата е во рамки на друг државен орган, ве молиме наведете го државниот орган во чии рамки функционира тимот/единицата.

11. Доставете ни ги плановите за справување со ризици од природни катастрофи изработени и усвоени од општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

12. Доставете ни информација за начинот на кој општината го следи спроведувањето на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.
13. Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со финансиски средства за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.
14. Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со човечките капацитети за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на проблеми поврзани со човечките капацитети со кои се соочува општината (недоволен број вработени, недоволно обучен број на вработени и слично)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 25.04.2023година .** ________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Датум: **09.05.2023**

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-5267/1, 05.05.2023 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 05.05.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со природните непогоди и други несреќи, се уважува

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со природните непогоди и други несреќи,.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.05.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 05.05.2023 година под архивски број 09-526/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на **09.05.2023** година, под бр. 09-526/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Просечната надморска висина на територијата на Општина Демир Хисар е помеѓу 621 и 640 мнв.
2.

| **Вид на природна непогода** | **Месец/Година** | **Населени места** | **Предизвикана материјална штета во денари** | **Број на барања за надомест на штета** | **Број на отфрлени барања за надомест на штета** | **Број на човечки жртви** | **Оштетна вододовод на и канализац иона мрежа** | **Проблем и со локални патишта** | **Комисија за проценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поплава | Август/2009 | с.Света | 697.184,оо | 17 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Поплава | Октомври/2010 | Локален пат Брезово-Зашле | 3.375.368,оо | 2 од месните заедници | / | / | / | Оштетен локалниот пат | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Град | Јуни/2010 | с.Суводол | 494.098,оо | 17 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Поплава | Април/2010 | с.Сопотница | 335.518,оо | 10 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Поплава | Април/2010 | Локален пат Бабино-Базерник | 148.898,оо | 2 од месните заедници | / | / | / | Оштетен локалниот пат | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Поплава | Април/2010 | с.Граиште, с.Бараково, с.Единаковци, с.Света, с.Суводол, с.Журче и с.Вардино | 406.998,оо | 65 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Град | Јули/2010 | с.Мренога | 111.069,оо | 3 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Град | Јуни/2011 | с.Света, с.Бараково и с.Граиште | 3.316.276,оо | 93 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 14.06.2011, со Решение бр.17-526/1 |
| Град | Јуни 2011 | с.Единаковци, с.Вардино и Демир Хисар | 4.192.775,оо | 119 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Решение бр.17-526/1 |
| Земјотрес | Јуни 2012 | Територија на Општина Демир Хисар | 2.505.060,оо | 262 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 15.05.2009, со Решение бр.17-526/1 |
| Поплава | Април/2013 | с.Мургашево, с.Света, с.Единаковци | 65.984,оо | 12 | 7-незначитлна штета | / | / | Оштетен и потпорни зидови | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение бр.17-237/7 |
| Град | Јули/2014 | с.Сопотница | 3.107.154,оо | 81 | 1-некомплетна документација | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение бр.17-237/7 |
| Град | Август/2014 | с.Слепче | 150.105,оо | 5 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение бр.17-237/7 |
| Поплава | Февруари/2015 | с.Граиште, с.Бараково, с.Единаковци, с.Света, с.Обедник, с.Вардино, с.Суводол, с.Загориче и | 717.886,00 | 91 | 27-некомплетна документација или незначителни оштетувања | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение бр.17-237/7 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Утово, с.Журче, с.Кутретино, с.Сопотница, с.Слепче, с.Белче, с.Бабино и Демир Хисар. | | | | | | | |
| Град | Јуни/2016 | с.Растојца, с.Ракитница, с.Прибилци, с.Сладуево, с.Журче, с.Единаковци и с.Света | 3.754.968,оо | 85 | 9-некомплетна документација или незначителни оштетувања | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 05.09.2016, со Решение бр.17-742/15 |
| Град | Јули/2016 | с.Обедник | 2.535,646,оо | 46 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение бр.17-237/7 |
| Земјотрес | Јули/2016 | Територија на Општина Демир Хисар | 2.179.750,оо | 219 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение бр.17-237/7 |
| Град | Август/2016 | с.Белче, с.Журче, с.Слепче | 409.285,00 | 20 | / | / | / | | рана од Совет на Општина Демир Хисар на 17.04.2013, со Решение 237/7 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Град | Јуни/2017 | с.Растојца, с.Ракитница, с.Прибилци, с.Сладуево, с.Журче, с.Единаковци и с.Света | 3.754.969,оо | 74 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 07.11.2017, со Решение бр.17-822/10 |
| Град | Август/2020 | с.Сопотница, с.Прибилци и с.Ракитница | 3.039.968,оо | 57 | / | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 07.11.2017, со Решение бр.17-833/10 |
| Град | Јули/2022 | с.Суводол | 777.562,оо | 23 | 3-некомплетна документација | / | / | / | Формирана од Совет на Општина Демир Хисар на 13.04.2022, со Решение бр.07-415/10 |

3. Што се однесува до мерките кои Општина Демир Хисар ги превзела во дадениот период, се врши едукација на граѓаните, посебно земјоделците да ги осигуруваат своите посеви, да ги заштитуваат со заштитни мрежи и друго, се врши периодочно чистење на речните корита, се апелира на градење според законските прописи и норми како и други мерки, но секако дека природна непогода не може да се спречи, туку само да се ублажат последиците со превентивното делување.
4. Општина Демир Хисар има формирано Штаб за заштита и спасување како и просторни сили за заштита и спасување од поплави, пожари, ПМП и згрижување и евакуација. Штабот и просторните сили фуинкционираат во рамките на општината.
5. Општината има донесено Планови за заштита и спасување од пожари, поплави, згрижување и евакуација и ПМП, како и Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи. Со оглед на тоа што се работи за многу обемен материјал, во кој се застапени голем број на лични податоци, секој заинтересиран може да дојде и изврши непосреден увид врз истите.
6. Што се однесува до Комисиите за проценка и утврдување на висината на штетата, ве информираме дека со самото конституирање на Советот на Општина Демир Хисар веднаш се формира оваа комисија која има мандат до изборот на нова од страна на новоизбраниот Совет на општината. Доколку се појави потреба се формира и втора комисија а се ангажираат и надворешни експерти, стручни од областа за која се врши процена.
7. Збирните извештаи (елаборати) кои локалната комисија ги изработува ги усвојува Советот на Општина Демир Хисар а се доставуваат до државната комисија на понатамошна постапка. Во периодот кој е предмет на ваш интерес, изработени вкупно 21 елаборат а со оглед на обемноста на материјалот а во кој се застапени голем број на лични податоци истите се на располагање на увид доколку имате за тоа потреба.
8. Спроведувањето на мерките се следи пред се преку редовно ажурирање на проценката и плановите, состаноци со субјектите кои се надлежни да учествуваат во системот на заштита и спасување а секако и со редовните инспекции од страна на ДЗС и ЦУК.
9. Општина Демир Хисар како финансиски слаба општина, има одредени финансиски проблеми при спроведување на мерките од проценката и плановите, но досега не се појавил поголем проблем кој може да преставува причина за застој во оваа област. Единствено е доста скапа едукацијата на членовите на штабот и просторните сили, затоа што тоа се прави преку ДЗС, кој за тоа има одредено превисока цена.
10. Проблемите со човечките капацитети се секако евидентни, поготово во делот на екипирање и обучување за спроведување на мерките од проценките и плановите за заштита и спасување.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

------------------------------------------